**IURIDICA PRIMA**

Institute for Legal – Economic Research and Education

## 3-rd International Scientific Conference
## 12-14 May 2017 Ohrid

# *Effective Protection of the Human Rights and Liberties: Reality or Ideal*

6

# IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

3-rd International Scientific Conference
12-14 May 2017 Ohrid

**OHRID SCHOOL OF LAW**
**2017**

*Effective Protection of the Human Rights and Liberties: Reality or Ideal*

# 6

**IURIDICA PRIMA**

**ЈУРИДИКА ПРИМА**
Институт за правно економски истражувања и едукација

3-та Меѓународна научна конференција
12-14 Мај 2017 Охрид

# ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРАВОТО 2017

*Ефективната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал*

# 6

Издавач:
Ј У Р И Д И К А  П Р И М А

За издавачот:
Ангел Ристов

Печати:
Стоби Трејд

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34(082)

INTERNATIONAL scientific conference Ohrid school of law (3 ; 2017 ; Ohrid)
Effective protection of the human rights and liberties : reality or ideal / 3-rd International scientific conference school of law 12-14 May 2017, Ohrid ; [главен и одговорен уредник Ангел Ристов]. - Скопје: Ј У Р И Д И К А  П Р И М А, 2017. - 2 св. (307 ; 261 стр.) : илустр. ; 25 см. - (Охридска школа на правото ; 5 ; 6)

Насп. ств. насл. на стр. 3: Ефективната заштита на човековите права и слободи : реалност или идеал / 3-та Меѓународна научна конференција 12-14 Мај 2017 Охрид. - Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија и summaries кон одделни трудови

ISBN 978-608-66152-0-8 (кн. 5)
ISBN 978-608-66152-1-5 (кн. 6)
1. Насп. ств. насл.
а) Правни науки - Зборници
COBISS.MK-ID 105481994

Институт за правно-економски истражувања и едукација
**ЈУРИДИКА ПРИМА**

*Главен и одговорен уредник:* д-р Ангел Ристов
*Меѓународен уредувачки одбор:*

1. Д-р д-р Владимир Петров, Правен факултет „Нов Бугарски Универзитет" Софија, Правен факултет Универзитет „Св. Св. Кирил и Методиј" Велико Трново, Република Бугарија;
2. Д-р Михаил Малчев, Правен факултет, Универзитет„Св. Климент Охридски" Софија, Република Бугарија;
3. Д-р Дамјан Можина, Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
4. Д-р Илија Вукчевиќ, Правен факултет, Универзитет Доња Горица, Подгорица, Република Црна Гора;
5. Д-рДрагиња Вуксановиќ, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора;
6. Д-р Ненад Тешиќ, Правен факултет Универзитет во Белград, Република Србија;
7. Д-р Новак Крстиќ, Правен факултет Универзитет во Ниш, Република Србија;
8. Д-р Весна Симовиќ Звицер, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Цра Гора;
9. Д-р Марко Беванда, Правен факултет Универзитет Мостар, Република Босна и Херцеговина;
10. Д-р Раденко Јотановиќ, Правен факултет Универзитет во Бања Лука, Република Македонија, Република Српска, Босна и Херцеговина;
11. Д-р Сања Гонцета, Колеџ на применети науки Лавослав Ружички, Република Хрватска;
12. Д-р Лидија Шимуновиќ, Правен факултет, Универзитет во Осијек, Република Хрватска;
13. Д-р Лазар Јовевски, Правен факултет „Јустинијан Први" Универзитет „Св.Кирил Методиј" Скопје, Република Македонија;
14. М-р Илија Манасиев, Правен факултет„Јустинијан Први" Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Македонија;
15. М-р Душан Босиљанов, Правен факултет„Јустинијан Први" Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Македонија.

Institute for Legal – Economic Research and Education
**IURIDICA PRIMA**

*Editor –in-chief:* Angel Ristov, PhD
*International Editorial Board:*

1. PhD, Vladimir Petrov, Faculty of Law "New Bulgarian University" Sofia, Faculty of Law University "Ss. Ss. Cyril and Methodius" Veliko Trnova, Republic of Bulgaria;
2. Phd, Mihail Malchev, Faculty of Law, University "St. Kliment Ohridski" Sofia, Republic of Bulgaria;
3. PhD, Damjan Možina, Faculty of Law, University in Ljubljana, Republic of Slovenia;
4. PhD, Draginja Vuksanović, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
5. PhD, Ilija Vukčević, Faculty of Law, University, Donja Gorica, Podgorica, Republic of Monte Negro;
6. PhD, Nenad Tešić, Faculty of Law, University in Belgrade, Republic of Serbia;
7. PhD, Novak Krstić, Faculty of Law, University in Nis, Republic of Serbia;
8. PhD, Vesna Simovic Zvicer, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
9. PhD, Marko Bevanda, Faculty of Law, University in Mostar, Republic of Bosnia and Hercegovina;
10. PhD, Radenko Jotanović, Faculty of Law, University in Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Hercegovina;
11. PhD, Sanja Gongeta, Republic of Croatia, College of Applied Sciences Lavoslav Ružički in Vukovar, Republic of Croatia;
12. PhD, Lidija Šimunović, Faculty of Law, University in Osijek, Republic of Croatia;
13. PhD, Lazar Jovevski, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
14. LLM, Ilija Manasiev, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
15. LLM, Dushan Bosiljanov, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia.

## СОДРЖИНА

**ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ ЗА ПРОФЕСОР ВЛАДИМИР ПЕТРОВ.......13**

6.1. Д-р Ангел Ристов
**ЗА ПОТРЕБАТА ОД УРЕДУВАЊЕ НА НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО – DE LEGE FERENDA.......................................................27**

6.2 Др Новак Крстић
**АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ У РЕГУЛИСАЊУ НУЖНОГ НАСЛЕЂИВАЊА У УПОРЕДНОМ ПРАВУ – СА ПОСЕБНИМ ОСВРТОМ НА ПРАВЦЕ ЊЕГОВОГ РЕГУЛИСАЊА У ПРАВИМА ЗЕМАЉА БИВШЕ СФРЈ.......................................................43**

6.3. Д-р Ристо Илиоски
**СПЕЦИФИЧНОСТИ И ДИЛЕМИ ВО ОДНОС НА ИСКЛУЧУВАЊЕТОНА НУЖНИТЕ НАСЛЕДНИЦИ...................63**

6.4.Dr Velibor Korać
**DOPRINOS NOTARA SIGURNOSTI PRAVNOG PROMETA...........81**

6.5.М-р Марјан Коцевски
**НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ .......................................................93**

6.6. PhDDimitar Stoyanov
**THE CONTRACTUAL PROHIBITION OF ASSIGNEMENT – A COMPARATIVE OVIERVIEW OF THE LEGAL PROTECTION OF THE ASSIGNEE.......................................................107**

6.7.Dr Žarko Dimitrijević
**SNABDEVANJE ELEKTRIČNOM ENERGIJOM: DELATNOST SRODNA KOMUNALNIM ILI DRUGIM DELATNOSTIMA...........127**

6.8..Д-р Јелена Трајковска-Христовска
**ДЕЈСТВО НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ...........141**

6.9. Д-р Тони Ѓеоргиев
М-р Гоце Стоиловски
**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НИЗ ПРИЗМАТА НА СЛЕДЕЊЕТО НА КОМУНИКАЦИИТЕ.......................................................151**

6.10.Д-р Зоран Јовановски
М-р Тамара Адамова
**ЕФЕКТИВНА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ: РЕАЛНОСТ ИЛИ „ПУСТА ЖЕЛБА“ ……………………………………159**

6.11 Д-р Милица Шутова
**РЕЛЕВАНТНАТА ЈАВНОСТ И СТЕПЕНОТ НА НЕЈЗИНИОТО ВЛИЈАНИЕ ПРИ УТВРДУВАЊЕ НА ПОЗНАТОСТ НА ТРГОВСКА МАРКА…………………………………………………………….....167**

6.12.LLM Filip Vucen
**INTERNATIONAL VS. NATIONAL FRAMEWORK OF GEOGRAPHICAL INDICATIONS OF ORIGIN ……………………..…179**

6.13. Aleksandra Vasić
**UGOVOR O LICENCI PATENTA IZMEĐU PRAVA INTELEKTUALNE SVOJINE I PRAVA KONKURENCIJE……..….195**

6.14Dr. Marko Dimitrijević
**IMPLICATION OF INTERNATIONAL MONETARY LAW RELATIONS ON THE PROTECTION OF HUMAN RIGHTS………..203**

6.15.Д-р Елена Нешовска Ќосева
**ЕФИКАСНОСТ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ВО РМ И ИСКУСТВА ОД КОМПАРАТИВНОТО ДАНОЧНО ПРАВО ………………………215**

6.16. Д-р Катерина Шапкова Коцевска
**ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РМ…………..225**

6.17. Марија Драгићевић
**РЕГУЛАТОРНИ И ФАКТИЧКИ НЕДОСТАЦИ МЕХАНИЗМА ЗАШТИТЕ УПУЋЕНИХ РАДНИКА У ПРАВУ ЕУ…………………235**

6.18. М-р Илија Манасиев
**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ И ПРАВА ПОМЕЃУ ВРЕДНОСТ И ПОТРЕБА…………………………………...…255**

6.19. Д-р Коле Павлов **ПРАВНИ ПРОБЛЕМИ И НЕДОСЛЕДНОСТИ ВО УПРАВУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЕКТОРОТ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА…………………………………..……265**

6.20. Д-р Зоран Киткањ
Д-р Ана Фрицханд
**ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО И РАЗВОДОТ: ЕФЕКИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА И АДОЛЕСЦЕНТИТЕ …….275**

Д-р Катерина Шапкова Коцевска*

# ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УДК: 341.645.2(4):342.7]:311.21 (497.7).1997/2016
Review paper

***Апстракт:*** *Ефектуирањето на заштитата на човековите правапредвидени во Европската конвенција за човекови права и основни слободи од 1950 година претставува пред сè правна, но и цивилизациска придобивка. Европскиот суд за човекови права е носечка институција на овој систем, каде во крајна инстанца се гарантира заштита на правата и слободите на индивидуата во однос на државите – договорни страни на Конвенцијата.*

*Вкупниот број на пресуди на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на Република Македонија во периодот од ратификацијата на Конвенцијата до 2016 година изнесува вкупно 133. Најголемиот дел од овие пресуди се однесуваат на повреда на членот 6 од Европската конвенција за човековите права, конкретно за повреда на правото на правична судска постапка. Дури 118 од овие пресуди наоѓаат најмалку една повреда на Конвенцијата, односно во 89 проценти од вкупниот број на пресуди на судот во Стразбур кои се однесуваат на Република Македонија е констатирана повреда на некое право заштитено со Конвенцијата.Сепак, правораздавањето не е бесплатно и создава низа директни и индиректни трошоци. Како пример за директен трошок можат да се издвојат директните издатоци кои треба да бидат покриени од страна на одговорната држава во случај кога Судот утврдува дека има повреда на некое од правата заштитени со Конвенцијата. Во оваа категорија на трошоци се евидентираат издвојувањата за исплата на нематеријална штета, трошоци и надоместоци поврзани со судската постапка, банкарски провизии, камати, останати такси и др. Трудот има за цел да ги процени економските ефекти од пресудите на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија во периодот од 1997 до 2016 година. Анализата ги опфаќа сите пресуди достапни на HUDOC базата со податоци.*

*Клучни зборови: Европски суд за човекови права; пресуда; трошоци*

## Вовед

Ефектуирањето на заштитата на човековите права предвидени во Европската конвенција за човекови права и основни слободи од 1950 година (во понатамошниот текст: Конвенција) претставува пред сè правна, но и цивилизациска придобивка. Конвенцијата и нејзините Протоколи гарантираат заштита на основните човекови права кои се претставени преку: правото на живот, правото на правично судење, правото на почитување на приватниот и семејниот живот, слободата на изразување, слободата на мисла, совест и вероисповед, правото на ефикасен правен лек, правото на мирно уживање во сопственоста и правото на глас и учество во избори. Истовремено, со Конвенцијата се забрануваат одредени практики кои не се во духот на универзалните човекови вредности, како на пример: тортурата и нечовечкото или понижувачко постапување или казнување, произволното и незаконито притворање, дискриминацијата во уживањето на правата и слободите гарантирани со Конвенцијата, протерувањето на сопствени државјани од страна на државата или забрана за нивен влез во државата, смртната казна и колективното протерување на странци. Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: Судот) е носечка институција на овој систем, каде во крајна инстанца се гарантира заштита на правата и слободите на индивидуата во однос на државите – договорни страни на Конвенцијата.

Во овој труд се презентирани заклучоците од пресудите во предметите против Република Македонија, а кои се однесуваат на директните и индиректните трошоци кои треба да бидат покриени од одговорната држава. Економската анализата вклучува податоци за исплата на материјална штета, нематеријална штета и трошоци и надоместоци поврзани со судската постапка. Во трудот се вклучени сите пресуди донесени од 2001 до мај 2017 година достапни на HUDOC базата со податоци, а кои се однесуваат на Р. Македонија.

## Статистика за пресуди кои се однесуваат на Република Македонија

Во периодот од 2001 до мај 2017 година, вкупно 135 пресуди донесени од страна на Европскиот суд за човекови права се однесуваат на Република Македонија. Од нив, во вкупно 91 предмети е констатирана повреда на најмалку едно право заштитено со Европската конвенција за човековите права. Во 23 проценти од пресудите, односно во вкупно 31

пресуда, е одлучено дека постои делумна повреда на човековите права[445]. Во само 15 пресуди, или 9,6 проценти е одлучено дека Република Македонија не повредила ниту едно од правата заштитени со Европската конвенција за заштита на човековите права.

Табела1. Пресуди за предмети против Р. Македонија (2001-2017)

| Пресуда | Број на предмети |
|---|---|
| **Повреда** | 91 |
| **Делумна повреда** | 31 |
| **Нема повреда** | 13 |
| **ВКУПНО** | 135 |

Извор: База на податоци HUDOC

Интересно е да се следи и динамиката на пресудите од аспект на тоа дали Судот заклучил дека постои или не постои повреда на одредено човеково право во предметите кои се однесуваат на Р. Македонија. Податоците за бројот и структурата на пресуди по години е претставен на сликата во продолжение. Од податоците може да се забележи дека во 2007 и 2009 година се донесени најмногу пресуди кои се однесуваат на Република Македонија, вкупно 17 во секоја година одделно. Истовремено, во посочените години се донесени најмногу пресуди, по вкупно 16 во секоја од одделните години, каде е констатирана целосна или делумна повреда на некое од правата заштитени со Конвенцијата. Во 2016 година, пак, донесени се најмногу пресуди, вкупно 4, во кои не е констатирано дека постои повреда на некој член од Конвенцијата. Единствено во 2003 и 2004 година Судот не донел никаква пресуда која се однесува на Р. Македонија.

Слика1 . Број на пресуди по година

[445] Под делумна повреда подразбираме пресуда во која Судот нашол повреда на дел, но не на сите членови наведени во жалбата од жалителот.




Извор: База на податоци HUDOC

Бидејќи во една пресуда може да биде констатирана повреда на повеќе од едно право заштитено со Конвенцијата, беше пресметано и колку пати постоела повреда на одреден член од Конвенцијата. Пресметките говорат дека во периодот од 2001 до мај 2017 година во 104 одделни пресуди од Судот е констатирана повреда на едно право заштитено со Конвенцијата, 15 пресуди покажуваат дека се повредени две права, додека постои по една пресуда која покажува Р. Македонија повредила 3, односно 4 права заштитени со Европската конвенција. Најчесто повредувано право е правото на правично судење определено во Член 6 од Конвенцијата.

Табела 2. Статистика за повредени членови од страна на Р. Македонија

| **Број на членови кои се повредени согласно пресудата** | **Број на пресуди** |
|---|---|
| 1 | 104 |
| 2 | 16 |
| 3 | 1 |
| 4 | 1 |
| **ВКУПНО** | 122 |

Извор: База на податоци HUDOC

Во просек, во случајот на предметите кои се однесуваат на Р. Македонија, на судот му се потребни 5 години од моментот на апликацијата до датумот кога е донесена пресудата. Во продолжение е претставена фреквенцијата на бројот на предмети од аспект на времетраењето на предметот. Кај најголем број од предметите (вкупно 41),

биле потребни 5 години од моментот на поднесување на апликацијата пред Судот до моментот на донесување на пресудата.

Табела 2. Времетраење на постапка

| Времетраење (во години) | Број на предмети |
|---|---|
| 1 | 1 |
| 2 | 7 |
| 3 | 9 |
| 4 | 15 |
| 5 | 41 |
| 6 | 28 |
| 7 | 20 |
| 8 | 7 |
| 9 | 3 |
| 10 | 3 |
| 11 | 1 |
| ВКУПНО | 135 |

Извор: База на податоци HUDOC

## Структура на пресуди

Овде се презентирани добиените резултати за пресудите кои се однесуваат на Р. Македонија од страна на Европскиот суд за човекови права. Како што претходно беше посочено, во изминатите 16 години судот донел вкупно 122 пресуди во кои била констатирана повреда на некој член од конвенцијата.

Пристапот во овој дел од трудот е да покаже какви обврски се создадени за буџетот на Р. Македонија како последица на пресудите во кои е констатирана повреда на некое право од Конвенцијата. Во основа, обврските кои произлегуваат од пресудите каде е одлучено Р. Македонија да плати определен надомест на апликантот кој повел постапка можат да бидат во форма на исплата на материјална штета, нематеријална штета и покривање на трошоци и надоместоци поврзани со постапката. Во табелата во прилог е дадена структурата на пресудите во кои е донесена одлука Р. Македонија да плати определен износ по горенаведениот основ.

Слика: Структура на штети и трошоци содржани во пресудите (2001-2017 година)




Извор: База на податоци HUDOC

Од сликата може да се забележи дека Р. Македонија била обврзана да исплати материјална штета во пресуди од 2012, 2013, 2015 и 2016 година. Нематеријална штета е одлучено да се исплати во сите години од 2001 наваму. Притоа, најголем број на пресуди каде е одредена нематеријална штета има во 2008 и 2015 година, поточно по 12 пресуди годишно.

Највисок пресуден износ на материјална штета е во предметот на Андоноски од 2015 година (16225/08), каде е определено Р. Македонија да му исплати на апликантот 10.000 евра. Најнизок износ на материјална штета е определен во пресуда од 2012 година во предметот на Сашо Ѓоргиев (49382/06) во износ од 3.390 евра.

Табела: Пресуди со материјална штета

| Предмет | Година | Материјална штета |
|---|---|---|
| Сашо Ѓоргиев(49382/06) | 2012 | 3,390 € |

| | | |
|---|---|---|
| Стоилковска (29784/07) | 2013 | 6,880 € |
| Андоноски (16225/08) | 2015 | 10,000 € |
| Василевски (22653/08) | 2016 | 5,400 € |

Извор: База на податоци HUDOC

Износите на нематеријална штета кои ги определува Европскиот суд за човекови права во пресудите кои се однесуваат на Р. Македонија се значително повисоки во споредба со износите на материјална штета. Така, анализата покажа дека во вкупно 90 пресуди Европскиот суд одлучил дека е потребно Р. Македонија да плати нематеријална штета поради повреда на правата на апликантите. Во наредната табела е претставен вкупниот износ кој Р. Македонија била должна да го плати во секоја година одделно по основ на нематеријална штета. Износите се дадени во евра.

Слика: Вкупен износ на нематеријална штета (во евра)




Извор: База на податоци HUDOC

Од сликата јасно може да се увиди дека највисок износ на нематеријална штета содржат пресудите од 2015 година, кога вкупниот износ изнесува 89.600 евра. Најголем дел од овој износ се должи на пресудата од предметот на Митови (пресуда во висина од 20.000 евра) и предметот на Андоновски (пресуда во висина од 15.000 евра). Исто така, значителен износ на нематеријална штета е содржан и во пресудите од 2012 година. Најголем удел во оваа година има износот на нематеријалната штета определен во пресудата во предметот на Ел Масри, во вкупен износ од 60.000 евра.

Конечно, третиот облик на финансиска обврска со која Судот во Стразбур може да ја задолжи Р. Македонија е износот на судските такси и надоместоци кои Р. Македонија е принудена да ги покрие, а се поврзани со судската постапка. Интересно е да се забележи дека износот на оваа категорија во пресудите на Судот не е занемарлив. Така, анализата на достапните пресуди покажа дека Судот има пракса да донесува пресуди во кои ја задолжува Р. Македонија да ги плати судските такси и надоместоци на товар на апликантот, во континуитет, почнувајќи од 2006 година до денес. Највисок износ на такси и надоместоци е пресуден во 2007 година, каде вкупно со сите пресуди, Р. Македонија била обврзана да плати дополнителни 11.696 евра по овој основ. Најнизок износ на пресудена нематеријална штета е содржан во пресудата за предметот на Јовановски (31731/03) од 2010 година, во висина од 500 евра.

Слика: Вкупен износ на такси и надоместоци (во евра)




Извор: База на податоци HUDOC

Највисок износ на трошоци и надоместоци е содржан во пресудата за предметот на Јашар (69908/01) од 2007 година во износ од 500 евра. Најнизок износ, пак, на оваа категорија е доделен во пресудата за предметот на Ристеска (38183/04 ) од 2010 година во висина од 10 евра.

## Заклучок

Анализата на минатогодишниот шеснаесет годишен период кој го означува периодот од донесувањето на првата пресуда која се однесува на Р. Македонија до денес, покажа дека постои континуитет во

незадоволството од правораздавањето во Р. Македонија. За тоа говорат 135те пресуди кои се однесуваат на Р. Македонија, од кои во 122 е констатирана повреда на најмалку едно право од Европската конвенција за заштита на човековите права. Притоа, најчесто пресудите на Европскиот суд наоѓаат повреда на правото на правично судење гарантирано со Член 6 од Конвенцијата.

Дополнително, анализата на горенаведените 135 пресуди донесени од страна на Европскиот суд во период од 2001 до мај 201 година, а кои се однесуваат на Р. Македонија, покажа значителен износ на издатоци по основ ва материјална и нематеријална штета, како и трошоци и надоместоци поврзани со судската постапка кои Р. Македонија како одговорна држава имала обврска да ги надомести. Вкупниот износ на издатоците за материјална штета кои Р. Македонија била обврзана да ги исплати изнесува 25.670 евра. По основ на издатоци за нематеријална штета, овој износ изнесува 365.870 евра, додека за трошоци и надоместоци поврзани со судската постапка Р. Македонија требала да издвои 57.175 евра.

Вкупниот износ на обврски за Р. Македонија поврзани со администрирањето она правдата, а кои произлегуваат од пресудите на Европскиот суд за човекови права изнесува 448.715 евра. Овој износ, секако не претставува „цена на правдата" во земјата, но сепак може да заклучиме дека даночните обврзници во земјата би биле побогати за речиси половина милион евра во изминатиот период доколку судскиот систем во земјата обезбедувал поефикасна примена на обврските за Р. Македонија како земја која ја има ратификувано Европската конвенција за човекови права.

Katerina Shapkova Kocevska **[446]

# ECONOMIC ANALYSIS OF JUDGMENTS OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS CONCERNING REPUBLIC OF MACEDONIA

*Abstract:* The realization of the protection of the human rights stipulated in the *European Convention on Human Rights and Fundamental Freedoms* from 1950 is above all legal and civilizational achievement. The European Court of Human Rights is leading institution in this system where the protection of the rights and freedoms of the individual is guaranteed in relation to the countries – contracting parties of the Convention. The total number of judgments rendered by the European Court of Human Rightsconcerning Republic of Macedonia in the period since the ratification of the Convention until 2016 is 133. The majority of these judgments are related to violation of the article 6 of the Convention, specifically the right to a fair trial. In 118 of these judgments, the Courts founded at least one violation of the Convention, respectively in 89% of all judgments concerning Macedonia the Courtfounded violation of the specific rights protected by the Convention. However, the administration of justice by the Court is not free of charge and generates differentdirect and indirect costs. An example of a direct cost are the direct expenses that should be paid by the concerning contracting state in cases where the Court founded violation of the rights protected by the Convention. This category of costs includes payment of the non-pecuniary damages, costs and expenses concerning the legal procedures, bank fees, interest rates and other fees. This articles aims to assess the economic effects of the judgments of the European Court of Human Rights concerning Macedonia in the period from 1997 to 2016. The analysis will comprise all judgments available at the HUDOC data base.

---

** Assistant professor at the Faculty of Law "Iustinianus Primus", University Ss. Cyril and Methodius" – Skopje, scientific field: economic sciences. Contact email address: k.shapkova@pf.ukim.edu.mk